# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

## ЗА НАСТАНАТИТЕ ЗНАЧАЈНИ ПРОМЕНИ ВО ФИНАНСИСКИОТ РЕЗУЛТАТ НА „МАКПЕТРОЛ“ АД И ПОДРУЖНИЦИТЕ ВО ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ - ДЕКЕМВРИ 2022 ГОДИНА

- **Сметководствени политики и методи на вреднување на ставките од консолидираните финансиски извештаи споредено со последните годишни ревидирани консолидирани финансиски извештаи;**

Во овој период нема промени во сметководствените политики.

- **Остварени вкупни консолидирани приходи во однос на претходниот период, кратка анализа на консолидираните приходи и расходи и на остварениот консолидиран финансиски резултат;**

Во табелата подолу се прикажани издвоени консолидирани финансиски информации и показатели, како и нивната промена споредбено со претходниот период.

**Информации од Консолидираниот биланс на успех**

**во 000 денари**

| | **Тековен период 31.12.2022** | **Претходен период 31.12.2021** | **Промена** | **% на промена** |
|---|---|---|---|---|
| Вкупни Приходи | 37.836.963 | 22.669.531 | 15.167.432 | 66,91% |
| Оперативни Приходи | 37.674.825 | 22.524.057 | 15.150.768 | 67,26% |
| Приходи од продажба | 37.363.149 | 21.496.720 | 15.866.429 | 73,81% |
| *- % во оперативни приходи* | 99,17% | 95,44% | | |
| | | | | |
| Вкупни Расходи | 36.379.032 | 21.103.844 | 15.275.188 | 72,38% |
| Оперативни Расходи | 36.338.346 | 21.066.186 | 15.272.160 | 72,50% |
| Набавна вредност на трговски стоки | 33.171.712 | 18.517.770 | 14.653.942 | 79,13% |
| *- % во оперативни расходи* | 91,29% | 87,90% | | |
| | | | | |
| Финансиски расходи | 21.696 | 33.061 | -11.365 | -34,38% |
| | | | | |
| ***Добивка пред оданочување*** | ***1.457.931*** | ***1.565.687*** | ***-107.756*** | ***-6,88%*** |

**Информации од Консолидираниот биланс на состојба**

**во 000 денари**

| | **Тековен период 31.12.2022** | **Претходен период 31.12.2021** | **Промена** | **% на промена** |
|---|---|---|---|---|
| Постојани средства | 5.749.740 | 5.578.193 | 171.547 | 3,08% |
| Тековни средства | 3.514.560 | 2.556.775 | 957.785 | 37,46% |
| Залихи | 1.181.518 | 1.049.123 | 132.395 | 12,62% |
| Побарувања од купувачи | 567.994 | 403.405 | 164.589 | 40,80% |
| Останати побарувања | 1.062.129 | 522.977 | 539.152 | 103,09% |
| Пари и парични еквиваленти | 409.648 | 314.768 | 94.880 | 30,14% |
| Вкупно средства | 9.264.300 | 8.134.968 | 1.129.332 | 13,88% |
| | | | | |
| Главнина и резерви | 7.369.707 | 6.438.962 | 930.745 | 14,45% |
| Вкупно обврски | 1.894.593 | 1.696.006 | 198.587 | 11,71% |
| Тековни обврски | 1.891.304 | 1.693.450 | 197.854 | 11,68% |
| Обврски по кредити | 305.086 | 95.914 | 209.172 | 218,08% |
| Обврски спрема добавувачи | 541.917 | 476.255 | 65.662 | 13,79% |

**Значајни финансиски показатели**

| | Тековен период 31.12.2022 | Претходен период 31.12.2021 | Промена |
|---|---|---|---|
| Бруто-маржа (%)[1] | 11,22% | 13,86% | -2,64% |
| Нето-маржа (%)[2] | 3,87% | 6,95% | -3,08% |
| ROA[3] | 14,39% | 17,33% | -2,94% |
| ROE[4] | 18,09% | 21,90% | -3,81% |
| ROCE[5] | 17,87% | 22,56% | -4,69% |

Во текот на 2022 година, „Макпетрол“ АД и подружниците работеа во услови на економска криза, која се чувствуваше, како на локално, така и на глобално ниво.

Економската криза започна со пандемијата на вирусот Ковид-19, а беше продлабочена како резултат на воениот конфликт помеѓу Русија и Украина, кој доведе и до значајно зголемување на цените на енергенсите на светските берзи. Воениот конфликт, односно зголемувањето на цените, ја продлабочи енергетската криза, која кулминираше дури со скоро двојно зголемување на цените на дериватите споредено со минатата година.

Наглото олабавување на рестриктивните Ковид мерки започнувајќи од март 2022 година и зголемувањето на економската активност заедно со нарушувањата во синџирите за снабдување резултираа со растечки стапки на инфлација. Истите беа дополнително зголемени како резултат на енергетската криза и до крајот на 2022 година, достигнаа двоцифрен износ во најголем дел од светот.

Глобалните движења и трендови неминовно влијаеја и се пресликаа и во Република Северна Македонија, што беше и очекувано со оглед на увозната зависност на земјата. На економски план, 2022 година е лоша година за Република Северна Македонија. Прогласена е енергетска криза во државата, цените на храната и енергенсите се зголемија, каматните стапки пораснаа, инфлацијата беше двоцифрена и изнесуваше 14,2% на годишно ниво, а БДП падна на 2%.

И покрај сите предизвици, во текот на 2022 година Групата оствари позитивен резултат, односно солиден раст на приходите и на добивката.

Во текот на 2022 година „Макпетрол“ АД Скопје и подружниците остварија вкупен консолидиран приход во износ од 37,8 милијарди денари, кој е поголем од минатогодишниот за 15,17 милијарди денари, односно остварен е раст од 66,91%.

На квартално ниво, вкупните кондсолидирани приходи во 2022 година како што се прикажани подолу бележат раст и ги надминуваат и предпандемските нивоа, во најголем дел поради зголемувањето на цените на нафтените деривати.

[1] Бруто-маржа = (Приходи од продажба - Набавна вредност) / Приходи од продажба
[2] Нето-маржа = Добивка пред оданочување / Оперативни приходи
[3] ROA = Нето-добивка по оданочување / Вкупно средства
[4] ROE = Нето-добивка по оданочување / Главнина и резерви
[5] ROCE = Оперативна добивка / (Вкупни средства – Тековни обврски)

**Консолидирани Приходи, Расходи и Добивка квартално ниво во 000 МКД**




| | К1/2020 | К2/2020 | К3/2020 | К4/2020 | К1/2021 | К2/2021 | К3/2021 | К4/2021 | К1/2022 | К2/2022 | К3/2022 | К4/2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вк. Приходи | 4.848.098 | 3.189.273 | 4.583.626 | 4.305.926 | 4.003.863 | 4.973.218 | 7.458.544 | 6.233.906 | 7.089.281 | 9.304.317 | 11.653.208 | 9.790.157 |
| Вк. Расходи | 4.830.242 | 3.131.184 | 4.397.048 | 4.184.756 | 3.959.894 | 4.803.016 | 6.291.845 | 6.049.089 | 6.893.046 | 8.953.473 | 11.117.395 | 9.415.118 |
| Добивка пред одан. | 17.856 | 58.089 | 186.578 | 121.170 | 43.969 | 170.202 | 1.166.699 | 184.817 | 196.235 | 350.844 | 535.813 | 375.039 |

Вк. Приходи  Вк. Расходи  Добивка пред одан.

Во структурата на консолидираните приходите, најголем удел со 98,75% имаат приходите од продажба, од кои 93,26% се остварени преку продажба на домашен пазар, а само 5,49% се остварени преку продажба на странски пазар. Продажбата на странски пазар, односно извозот на млазното гориво, постепено се стабилизира со олабавувањето на Ковид-рестрикциите за патување во втората половина на 2022 година.

**Консолидирани приходи од продажба на домашен и странски пазар во 000 МКД**




Консолидираните приходи од продажба, како на домашен така и на странски пазар, во најголем дел се остваруваат преку двете најзначајни функции, малопродажба и големопродажба. На графиконот подолу може да се види соодветната поделба.

**Консолидирани приходи од продажба на мало и големо во 000 МКД**



Растот на консолидираните приходи, споредбено со минатата година, во најголем дел се должи на зголемените приходи на мало за 49,02%, а истите учествуваат со 74,16% во приходите од продажба. Трендот на пораст на приходите на мало во годината се должи на:

- Зголемување на прометот со нафтени деривати на мало за 4,5% и
- Зголемување на прометот на останатиот малопродажен асортиман (ДАС) за 37,17%.

**Вкупните консолидирани расходи** остварени во 2022 година се во висина од 36,4 милијарди денари што претставува зголемување во однос на минатата година за 15,28 милијарди денари или за 72,38%. Порастот во најголем дел се должи на зголемените расходи за набавна вредност на трговски стоки од 79,13%. Набавната вредност го следи трендот на приходите од продажба, што е неминовно со оглед дека истата во апсолутен износ е дел од приходите од продажба, односно зафаќа околу 89% од приходите.

Расходите за набавна вредност на трговски стоки, односно набавните цени, се расходи врз кои Друштвото има лимитирано влијание. Истото се должи на регулирањето[6] на најголем дел од набавните цени на нафтените деривати. Доколку набавната цена на одреден дериват не е регулирана, истата зависи од комплетно екстерни глобални фактори и движења, како што се цените на нафтените деривати на светските берзи и курсот на денарот во однос на доларот.




На графиконот подолу се прикажани движењата на консолидираните расходи во илјади денари, со исклучок на набавната вредност, која е презентирана претходно.




[6] Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на РСМ донесува одлуки за утврдување на највисоките малопродажни цени на нафтени деривати и горива за транспорт, а во истата се вклучени следниве деривати: Еуросупер БС-95, Еуросупер БС-98, Еуродизел БС (Д-Е V), Екстра Лесно 1 (ЕЛ-1) и Мазут М-1 НС.

Како резултат на остварените приходи и расходи, на крајот на годината, Групата оствари позитивни консолидирани финансиски резултати. Кон остварувањето на позитивните консолидирани финансиски резултати придонесоа сите Друштва од Групата, со исклучок на Телевизија Макпетрол Телма која оствари загуба. Намалувањето на консолидираната добивка во најголем дел е резултат на падот на добивката на „Макпетрол“ АД Скопје, како најголемо и матично друштво на Групата. За детали погледнете ја табелата подолу:

**Добивка пред оданочување на ниво на Друштва кои се дел од Групата**

**во 000 денари**

| | **Тековен период 31.12.2022** | **Претходен период 31.12.2021** | **Промена** | **% на промена** |
|---|---|---|---|---|
| Макпетрол АД - Скопје | 1.408.612 | 1.526.251 | -117.639 | -7,71% |
| Макпетрол Пром-Гас ДООЕЛ | 56.082 | 20.029 | 36.053 | 180,00% |
| Телевизија Макпетрол Телма ДООЕЛ | -24.112 | 7.402 | -31.514 | -425,75% |
| Petrolmak Solun | 6.673 | 7.394 | -721 | -9,75% |
| Макпетрол ДОО Београд | 369 | 617 | -248 | -40,19% |
| | | | | |
| *Вкупно пред пребивања* | *1.447.624* | *1.561.693* | *-114.069* | -7,30% |
| меѓусебни пребивања | -18.198 | -14.842 | -3.356 | -22,61% |
| ОИЛКО КДА - метод на главнина | 28.505 | 18.836 | 9.669 | 51,33% |
| ***Консолидирана добивка*** | ***1.457.931*** | ***1.565.687*** | ***-107.756*** | ***-6,88%*** |

Консолидиранананата добивка пред оданочување изнесува 1,46 милијарди денари, која е помала за 6,88% од остварената добивка минатата година кога изнесуваше 1,57 милијарди денари.

На графиконот подолу е прикажана консолидираната добивка пред оданочување за 2022 година, како и споредбата на позициите од билансот на успех со минатата година. Во истиот, со зелена боја, се прикажани позитивните движења, односно движења кои ја зголемуваат добивката, а со црвена боја се прикажани негативните, односно движења кои ја намалуваат добивката.

Консолидирана добивка пред оданочување за 2022 споредена со 2021 во 000 МКД



Оперативните приходи, вклучувајќи го и ефектот од набавната вредност, забележуваат очекувано зголемување, со оглед на поголемиот количински промет на Друштвото како резултат на зголемувањето на економската активност во земјата наспроти 2021 година. Кај трошоците се забележува значајно зголемување на трошокот за енергија, како резултат на енергетската криза во која се наоѓа Република Северна Македонија и светот. Дополнително, позначајно зголемување постои и кај трошокот за плати, кој е зголемен како резултат на зголемувањето на платите на вработените, со цел реалната вредност на платата да не се намали во услови на двоцифрена инфлација.

Вработените, кои се основната сила на „Макпетрол" АД и подружниците, со својата посветеност се заслужни за континуираниот успех и за задржувањето на лидерската позиција на Групата. Групата постојано инвестира во развојот на своите вработени, како и во обезбедувањето безбедни и здрави услови за работа.

Особено важно е да се истакне дека, со континуираното придржување до строгите превентивни здравствени протоколи, на сите локации на коишто Групата ги врши дејностите, во ниту еден момент не се загрози здравјето на вработените и здравјето на потрошувачите, а со самото тоа се овозможи непречено функционирање на Групата.

- **Исплатени дивиденди (вкупно и по акција);**

На XXVI-тото Собрание на Акционери на Макпетрол АД Скопје, одржано на 30.05.2022, Друштвото донесе одлука бр. 0201-38/2-2 за исплата на дивиденда за 2021 година, во бруто-износ од 303.432.000 денари или 3.000 денари бруто по акција. Друштвото изврши исплата на дивидендата на 31.8.2022 година.

Во табелата долу е прикажан дивидендниот принос во последните пет години.

| | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Дивиденден принос**[7] | 3,64% | 2,74% | 2,57% | 2,74% | 3,83% |

- **Вложувања или продажба на материјални средства (недвижности, постројки и опрема) или значителен отпис;**

Во текот на 2022 година, Групата реализираше значајни вложувања, со цел унапредување на своето работење и одржување на конкурентноста.
Во вкупните вложувања на Групата, најзначајни се вложувањата на матичното друштво „Макпетрол" АД Скопје, кое го продолжи силниот **инвестициски циклус** и вложи преку 431 **милион денари**, како во реконструкција така и во изградба на нови малопродажни и големопродажни објекти.

- **Промени во кредитните задолжувања;**

Показателите на ликвидност и солвентност на „Макпетрол" АД и подружниците во текот на 2022 година се стабилни, дури покажуваат и подобрување, а истите се резултат како на позитивните оперативни резултати, така и на посветеноста на Раководството на одржување на оптимална структура на извори на средства и минимизирање на трошокот за финансирање.

[7] Дивиденден принос = Објавена дивиденда / Последна пазарна цена на крај на периодот

**Значајни показатели на ликвидност и солвентност**

| | Тековен период 31.12.2022 | Претходен период 31.12.2021 | Промена |
|---|---|---|---|
| Тековни средства / Тековни обврски | 185,83% | 150,98% | 34,85% |
| Gearing[8] | -1,44% | -3,52% | 2,08% |
| Вкупни обврски / Вкупни средства | 20,45% | 20,85% | -0,40% |
| Вкупни обврски / Главнина и резерви | 25,71% | 26,34% | -0,63% |
| Главнина и резерви / Вкупни средства | 79,55% | 79,15% | 0,40% |
| Обврски по кредити во 000 МКД | 305.086 | 95.914 | 218,08% |

Дополнително, структурата на консолидираната пасива во последните две години бележи позитивна промена, односно сопствениот капитал учествува со 80%, а обврските само со 20% во истата.




Групата за време на деловното работење во севкупниот извештаен период, не дошла во ситуација да има доспеани, а ненамирени обврски по кој било основ (кредити, обврски спрема добавувачи, јавни давачки и плати на вработени).

- **Исполнување на планот и очекувања за претстојниот период.**

Во 2022 година остварена е консолидирана добивка по оданочување од 1,33 милијарди денари, која е поголема од планираната.

Главната причина за достигнувањето и надминувањето на Планот за работење за 2022 година е зголемениот количествен промет со нафтени деривати за 4%, како резултат на растот на основната дејност на Групата, односно поради зголемување на економската активност. Дополнително врз надминувањето на Планот свое влијание имаше и продажбата на останати стоки, која го надмина планот за 19%.

Со мерките кои што ги презема Раководството на Групата не се предизвика потреба од отпуштање на вработени, чиј што број дури и се зголеми во време на криза.

Очекувањата за деловната 2023 година се во согласност со Планот за работење на Друштвото.

[8] Gearing = Нето долг / (Нето долг + Главнина и резерви)
Нето Долг = Обврски по кредити - Пари и парични еквиваленти